**20180100106**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 10-а, став (7) од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15 и 23/16), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СТОРИТЕЛИТЕ НА ПРЕКРШОК, ЗА ВИДОТ НА ИЗРЕЧЕНИТЕ САНКЦИИ И ДОНЕСЕНИТЕ ОДЛУКИ ВО ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденција за сторителите на прекршок, за видот на изречените санкции и донесените одлуки во прекршочна постапка.

Член 2

Евиденцијата за сторителите на прекршок, за видот на изречените санкции и донесените одлуки во прекршочна постапка се води во електронска форма преку користење на автоматизиран компјутерски систем за управување со предмети (еДМС) – апликација за евидентирање на мандатни казни и водење на прекршочна постапка.

Член 3

(1) Апликацијата од член 2 на овој правилник се состои од два дела и тоа:

1) Евиденција на Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа при водењето на прекршочна постапка и

2) Евиденција на организационите единици на Царинската управа за изречените мандатни казни.

(2) Евиденцијата на Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа при водењето на прекршочна постапка ги содржи следните податоци и тоа:

1) Податоци за барањето за поведување на прекршочна постапка:

- реден број;
- ПРК број и датум (автоматски креирани од апликацијата на денот на прием и евидентирање на барањето за поведување на прекршочна постапка во апликацијата);
- број и датум на барањето за поведување на прекршочна постапка;
- подносител на барањето за поведување на прекршочна постапка;
- вид на прекршокот;
- правна квалификација на прекршокот;
- вид и количина на предмет на прекршок (ако прекршокот е поврзан со стока);
- датум на сторување на прекршокот и
- датум на настапување на застареност за водење на прекршочна постапка,

2) Податоци за сторителот на прекршокот:

- име и презиме или назив на сторителот;
- адреса/седиште на сторителот и
- ЕМБГ/ЕДБ на сторителот (за странец се запишува број на патна исправа),

3) Одлука на прекршочниот орган:

- број и датум;
- вид на одлука: отфрла барање, прекин или запирање на постапка, или утврдува прекршочна одговорност на сторителот;

- изречена прекршочна санкција (глоба или опомена) при утврдена прекршочна одговорност на сторителот;
- износ на глоба;
- изречена прекршочна мерка (одземање на предмет на прекршок или наплата на противвредност на стока или привремена забрана за вршење на дејност или професија);
- трошоци на постапката и
- датум на достава на одлуката до сторителот,

4) Постапка по правни лекови:

а) Постапка по жалба пред Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка (во понатамошниот текст:Државна комисија):
- датум на предавање на списи по жалба до Државна комисија;
- број и датум на одлука на Државна комисија;
- вид на одлука (жалба уважена, одбиена, отфрлена, мериторна одлука или запирање на постапка) и
- датум на прием на одлуката на Државната комисија во Царинската управа,

б) Постапка по тужба пред Управен суд:
- датум на предавање на списи на предмет по тужба до Управен суд;
- број и датум на одлука на Управен суд;
- вид на одлука (тужба уважена, одбиена, отфрлена, мериторна одлука или запирање на постапка) и
- датум на прием на одлуката на Управниот суд во Царинската управа,

в) Постапка по жалба пред Виш управен суд:
- датум на предавање на списи на предмет по жалба до Виш управен суд;
- број и датум на одлука на Виш управен суд;
- вид на одлука (потврдува, поништува и мериторно одлучува) и
- датум на прием на одлуката на Вишиот управен суд во Царинска управа,

5) Постапка за извршување:
- датум на извршност;
- наплата на глоба (да/не);
- датум на известување до Управа за јавни приходи за присилна наплата на глоба и
- датум на известување до Агенцијата за управување со одземен имот за натамошно постапување со предметот на прекршок и

6) Податоци за архивирање на предмет/забелешки:
- датум на правосилност;
- датум на архивирање на прекршочен предмет;
- име и презиме на надлежен член на прекршочен орган на Царинската управа и
- забелешки.

(3) Евиденцијата на организационите единици на Царинската управа за изречените мандатни казни ги содржи следните податоци:

1) Податоци за забрзана прекршочна постапка:
- реден број;
- број и датум на записник за прекршок;
- организациона единица на Царинската управа;
- правна квалификација на прекршокот и
- вид на платен налог (мандатен или прекршочен),

2) Податоци за сторителот на прекршокот:
- име и презиме или назив на сторителот;
- адеса/седиште на сторителот и
- ЕМБГ/ЕДБ на сторителот (за странец се запишува број на патна исправа) и

3) Постапка за извршување:
- број и датум на платен налог;
- износ на глоба (во евра);
- рок за доброволно плаќање на глоба;
- наплата на глоба (да/не);
- датум на известување до Управа за јавни приходи за присилна наплата на глоба (при мандатен платен налог) и
- датум на поднесено барање за поведување на прекршочна постапка (при прекршочен платен налог).

Член 4

Податоците во евиденцијата од член 3 став (2) на овој правилник ги евидентира Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа, а податоците во евиденцијата од член 3 став (3) на овој правилник ги евидентира организационата единица на Царинската управа која ја изрекла мандатната казна, не подоцна од десет дена од денот на добивањето на податоците.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на водење на единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки во прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/11).

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-178/1
9 јануари 2018 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Драган Тевдовски,** с.р.